Република Северна Македонија
Академија за судии и јавни обвинители
Павел Шатев

# СОВЕТУВАЊЕ НА ТЕМА:

# „Одговорност на органите на управување на трговските друштва за надомест на штета“

8 мај 2019 година
Академија за судии и јавни обвинители
„Павел Шатев“



**Република Северна Македонија**
**Академија за судии и јавни обвинители**
**Павел Шатев**

## ЦЕЛНА ГРУПА НА УЧЕСНИЦИ

Советувањето е наменето за судии и судски соработници од трговските и граѓанските оддели во судовите, од сите апелациони подрачја, стечајни управници и адвокати

## КРАТОК ПРЕГЛЕД И ЦЕЛ НА СОВЕТУВАЊЕТО

Од страна на излагачите ќе се даде вовед во темата со кратка презентација на одредбите од Законот за трговските друштва кои ги регулираат видовите трговски друштва, органите на управување и надзор, овластувањата и одговорностите на органите на управување и надзор, посебната одговорност на содружниците и акционерите и разграничување на одговорноста на двата вида субјекти.

Ќе се даде посебен осврт на законските одредби за одговорноста за штета на органот на управување спрема друштвото и спрема трети лица, одговорност за штета на членовите на органот на управување спрема доверителите од аспект на Законот за трговските друштва, а во случаи кога органите не поднеле или ненавремено поднеле предлог за отворање на стечајна постапка и со тоа им предизвикале штета на доверителите, и од аспект на Законот за стечај.

За процесните аспекти на споровите кои произлегуваат по основ на одговорноста на органите на управување и надзор, ќе се зборува за активна и пасивна легитимација на странките во овој вид на спорови, застареност на побарувањата за надомест на штета, како и за битните факти за одлучување по тужбите за надомест на штета причинета од органот на управување и надзор.

Ќе се презентира и анализира судска пракса поврзана со темата, како и заклучоците донесени на работни средби на четирите апелациони судови, кои се однесуваат на правни прашања поврзани со темата.

Цел на советувањето е усогласување на примената на законската регулатива и воедначување на судската практика во спорови за надомест на штета против орган на управување или надзор, односно против членови на органите.

## МАТЕРИЈАЛИ

Регулатива: Закон за трговските друштва, Закон за облигационите односи,Закон за стечај, Закон за парничната постапка;
Материјал:
ПП презентации
Судска пракса



**Република Северна Македонија**
**Академија за судии и јавни обвинители**
**Павел Шатев**

## МЕСТО НА ОДРЖУВАЊЕ НА СОВЕТУВАЊЕТО

Академија за судии и јавни обвинители „Павел Шатев“, Бул. „Јане Сандански“ бр.12, Ламела 1

## ИЗЛАГАЧИ

Судија Татјана Сусулеска, Апелационен суд Битола
судија Биљана Јачева, Основен суд Велес

## ЛИЦЕ ЗАДОЛЖЕНО ЗА ОРГАНИЗАЦИЈА НА СОВЕТУВАЊЕТО

Снежана Димитровска, соработник во Одделение за континуирана обука
Snezana.Dimitrovska@jpacademy.gov.mk



**Република Северна Македонија**
**Академија за судии и јавни обвинители**
**Павел Шатев**

---

## ПРОГРАМА

---

<u>8 мај 2019 (среда)</u>

10:00-12:00 Одговорност на органите на управување на трговските друштва за надомест на штета причинета со неисполнување на обврските од аспект на ЗТД

- Судска пракса

- Прашања/Дискусија

***Судија Татјана Сусулеска***
***Судија Биљана Јачева***

12:00-12:30 Пауза за кафе

12:30-14:30 Одговорност на органите на управување на трговските друштва за надомест на штета причинета со неисполнување на обврските од аспект на Законот за стечај

- Судска пракса

- Прашања/Дискусија

***Судија Биљана Јачева***
***Судија Татјана Сусулеска***

14:30-14:45 Заклучоци

***Излагачите***

14:45-15:00 Пополнување на прашалниците за оцена на советувањето

